**Г р а д   С к о п ј е**

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **Изготвувач:** | Сектор за заштита на животната средина |
| **Претставник:** | Соња Цветковиќ Чолакова, Раководител на Сектор за заштита на животна средина |
| **Повереник:** | Никола Јовановски Помошник раководител на Сектор за заштита на животна средина |

# Предлог - Програма

## на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 10, став 1, точка 2 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на својата ______ седница, одржана на ______ 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година**

## ***I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА***

Главна цел на Програмата е заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Програма ги утврдува мерките за заштита на животната средина, природата и во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија на подрачјето на Град Скопје за 2022 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздухот, водата и почвата) и области на животната средина (отпадот, бучавата, нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот и климата) и сите елементи кои претставуваат неделлива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

## ***II.ПРАВНИ ОСНОВИ***

Заштитата на животната средина и зачувувањето на природата се основни уставни вредности на Република Северна Македонија. Секој има право на здрава животна средина, како и одговорност да ја штити и подобрува.

Појдовна основа за планирање, развивање и реализирање на активностите од областа на заштитата на животната средина и природата е Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), кој заштитата на животната средина ја вбројува во оргинерните надлежности на Градот.

Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 159/08, 83/09, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), како рамковен правен акт, ги уредува активностите за:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина,
- Заштита на животот и на здравјето на луѓето,
- Заштита на биолошката разновидност,
- Рационално и одржливо користење на природните богатства и
- Спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина, при што ги утврдува надлежностите на Градот Скопје во тој домен.

Посебните закони, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21), Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15,52/16 и 151/21), Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/07,124/10,47/11,163/13 ,146/15 и 151/21), Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16,113/18 и 151/21), кои се однесуваат на конкретни медиуми или области на животната средина, и нивните подзаконски акти, ги утврдуваат ингеренциите на Градот Скопје во областа на заштитата на животната средина, односно наведените медиуми и области.

Законот за енергетска ефикасност, (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20) како законска обврска и со посебно внимание на мерките кои се предвидени во Националниот акционен план за енергетска ефикасност на Република Северна Македонија. Согласно членот 7 став 6 од Законот за енергетска ефикасност, потребно е да се предвидат мерки и политики, кои се во надлежност на Град Скопје.

Активностите на Градот Скопје во областа на животната средина произлегуваат и од пошироката правна регулатива, која ги опфаќа јавното здравје, управувањето

со отпад, шумарството, ловот, риболовот, органското земјоделство, производството на храна, безбедноста на производи, безбедниот транспорт и др.

## ***<u>III.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА</u>***

Предмет на оваа Програма се активности во надлежност на Градот Скопје во сферата на заштитата на животната средина, што ќе се реализираат во текот на 2022 година. Програмата се темели на начелата прокламирани со Законот за животна средина, на кои се засновува заштитата на животната средина:

- **Начело на висок степен на заштита**

Секое правно и физичко лице при преземањето активности или при вршењето дејности, треба да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

- **Начело на превенција**

Мерките и активностите за заштита на животната средина се преземаат пред да дојде до штетни последици.

- **Начело на претпазливост**

Доколку постои основано сомневање дека одредена активност може да предизвика штетни последици врз животната средина, се преземаат неопходни мерки за заштита пред да стане достапен научниот доказ дека такви штетни последици би можеле да настанат.

- **Начело на одржлив развој**

Заради задоволување на потребите за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без притоа да се загрозат правата на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби, при преземањето на било која дејност задолжително треба да се води сметка за рационално и одржливо користење на природните богатства.

- **Начело на интегрираност**

Основите и целите на политиката за заштита и унапредување на животната средина мораат да се интегрираат во сите развојни, стратешки, плански и програмски документи кои ги донесуваат органите на власта на сите нивоа.

- **Начело на учество на јавноста и пристап до информации**

Органите на сите нивои на власта се должни да ги обезбедат сите потребни мерки и да пропишат постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина, како и да обезбедат изјаснување на јавноста во постапката за донесување на тое одлуки.

- **Начело на подигање на јавната свест за значењето и заштитата на животната средина**

Научните, образовните, здравствените, информативните, културните и другите институции и правни лица, вклучувајќи ги и здруженијата на граѓаните, во рамките на нивните активности, промовираат и обезбедуваат подигање на јавната свест за животната средина, за нејзиното значење, како и за потребата од активно учество во нејзината заштита и унапредување.


- **Начело на подигање на јавната свест за значењето и заштитата на животната средина**

Научните, образовните, здравствените, информативните, културните и другите институции и правни лица, вклучувајќи ги и здруженијата на граѓаните, во рамките на нивните активности, промовираат и обезбедуваат подигање на јавната свест за животната средина, за нејзиното значење, како и за потребата од активно учество во нејзината заштита и унапредување.


## ***<u>IV.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ</u>***

Со Прорамата се предвидени активности кои Град Скопје ќе ги реализира во насока на:

- следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите и областите на животна средина,
- заштита на природните вредности,
- интегрирање на прашањата за заштита на животната средина,
- подобрување на здравјето и благосостојбата на граѓаните и
- подигање на јавната свест за значењето на животната средина.
- спроведување на мерки и активности во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија.

### ***<u>IV.1 Следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите на животната средина</u>***

#### ***<u>IV.1.1 Воздух</u>***

**Цели:**

- Подобрување на квалитетот на воздухот во градот Скопје, а со тоа и заштита на здравјето на луѓето,
- Добивање податоци и следење на квалитетот на амбиентниот воздух,
- Намалување на загадувањето од сообраќајот,
- Намалување на загадувањето од затоплувањето на домаќинствата.

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1, износ: 44. 000. 000 денари и Програма РА0 во износ од 700.000,00 денари.

***IV.1.2 Води***

**Цели:**

- Следење на квалитетот на водата за пиење и подземните води,
- Заштита на изворите за водоснабдување,
- Заштита на подземните води,
- Континуиран мониторинг на водите што ги хранат изворите за водоснабдување,
- Анализа и испитување на алтернативни извори за водоснабдување,

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1, износ: 5. 000.000 денари.

***IV.1.3 Почва***

**Цели:**

- Испитување на загаденоста на почвата,
- Намалување на количеството на отпад во урбаните средини и заштита на почвите,
- Определување на ерозивни подрачја и подрачја загрозени од ерозија,
- Изработка на документација.

**Финансиски средства**:
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1, износ: 1. 200.000 денари и Програма РА0 во износ од 1.600.000,00 денари.

### ***<u>IV.2 Области на животната средина</u>***

#### ***<u>IV.2.1Бучава</u>***

**Цели:**

- Обезбедување реални податоци за нивото на бучава на подрачјето на градот Скопје,

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1, износ: 70.000 денари.

#### ***<u>IV.2.2 Климатски промени</u>***

**Цели:**

- Добивање податоци за влијанието на климатските промени врз микроклиматските услови во градот,

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1, износ: 600.000 денари.

### ***<u>IV.3 Заштита на природните вредности</u>***

#### ***<u>IV.3.1 Унапредување на зеленилото</u>***

**Цели:**

- Постигнување на повисок степен на заштита и унапредување на јавните зелени површини на град Скопје
- Зголемување на зелените површини и менување на содржините и намените на тие зелени површини (развој на пермакултура),

**Финансиски средства:**
Буџет на град Скопје за 2022 година, Програма Р1, износ 1. 600.000 денари.

#### ***<u>IV.3.2 Заштитени локалитети</u>***

**Цели:**

- Постигнување на повисок степен на заштита и унапредување на заштитените локалитети: Споменик на природата Кањон Матка, парк – шумата Водно и парк на природата Гази Баба,
- Реализација на активностите од стручните акти за заштитените локалитети,
- Обезбедување поуреден и подостапен простор за посетителите,
- Создавање услови за безбедно планинарење,
- Заштита на биодиверзитет на подрачјето на град Скопје,

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1 5.700. 000, програма
РА0: 7. 000.000 денари.

***IV.4 Интегрирани проекти за заштита на животната средина***

**Цели:**

- Постигнување интегриран пристап за заштита на животната средина,
- Реализација на конкретни активности во надлежност на Град Скопје, произлезени од Законот за животната средина.
- Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина, одговорен Сектор за заштита на животната средина,

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1: 1. 900. 000 денари.

***IV.5 Здравје и благосостојба***

**Цели:**

- Подигање на јавната свест во врска со влијанието на климатските промени и промените во медиумите на животната средина по здравјето на луѓето.

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1, износ: 400.000 денари.

***IV.6 Подигање на јавната свест***

**Цели:**

- Обезбедување повисоко ниво на јавна свест за значењето на животната средина,
- Промовирање на начините на зачувување на животната средина,
- Вклучување на градот Скопје во глобален еколошки настан,
- Поттикнување на јавноста за менување на животните навики и давање личен придонес во заштитата на животната средина.

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1, износ: 2.100.000 денари.

## ***<u>IV.7 Спроведување на мерки и активности во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија.</u>***

**Цели:**

- Подигнување на јавната свест кај граѓаните за енергетска ефикасност.
- Намалување на трошоците за електрична енергија на објекти под надлежност на Град Скопје со примена на енергртко ефиксасно ЛЕД – осветлување и примена на обновливи извори на енергија.
- примена на мерки за енергетска ефикасност во областите на јавни објекти, улично осветлување и транспорт (транспортни средства кои ги поседува Град Скопје, културните институции, средните училишта и Јавните претпријатија кои се под надлежност на Град Скопје), кои придонесуваат смалување на емисијата на штетни материи во воздухот и околината;
- Финансирање или кофинансирање на иновативни проекти или стратешки документи потребни на Град Скопје од областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите енергетски извори на енергија.

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2022 година, Програма Р1, износ: 3 900 000 денари.

## ***<u>V. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА</u>***

За реализирање на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на Град Скопје за 2022 година е задолжен Секторот за заштита на животната средина и природата.

***<u>VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ</u>***

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје” и важи до 31 декември 2022 година.

Бр. ___________
С К О П Ј Е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**Трајко Славески**

**Образложение**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 10, став 1, точка 2 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), ја предлагаме Предлог програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на Град Скопје за 2022 година.

Еколошките ризици се една од најважните одредници на здравјето и благосостојбата на луѓето. Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина и во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија. како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој.

Анализите на степенот на загадување во медиумите на животната средина на годишно ниво, вклучувајќи ги и мерките кои се превземаат за заштита на истите, овозможуваат увид во поврзаноста помеѓу индустрискиот развој, состојбата и квалитетот на животната средина, активно следење на евентуалните промени во

медиумите и областите на животната средина, односно влијанијата врз здравјето на човекот, и создаваат добра основа за креирање на одржлива политика за заштита на животната средина и подобрување на квалитетот на животот во иднина. Нашата држава во иднина се повеќе ќе биде зависна од увозот на енергија како резултат на ограничените извори на комерцијални енергетски резерви. Оваа зависност може да се ублажи со превземање на мерки во областа на енергетска ефикасност, со цел да и се помогне на домашната економија преку намалување на трошоците поврзани со увозот на енергија чија цена на светскиот пазар е со растечка тенденција, а со тоа би се продолжило траењето на домашните енергетски резерви.

Препознавајќи ја потребата за промена на постојните трендови и практики кои влијаат на животната средина,  врз основа на потребата за промена и одржливост, Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата се темели на следните принципи:

- Целите за животна средина и климатски промени можат да се постигнат само доколку заштитата на животната средина ги интегрира областите кои предизвикуваат штети врз животната средина;
- Заштитата на животната средина мора да се темели на поделена одговорност, бидејќи само со целосна соработка на засегнатите страни може да се постигнат договорените мерки;
- Унапредувањето на животната средина подразбира користење на механизми и инструменти за заштита на истата, како и поттикнување доброволен пристап кој се заснова на свесноста за секојдневните потреби за активна грижа за животната средина.

При разгледувањето на оваа Програма треба да се има предвид дека заштитата на животната средина подразбира широк спектар на делување, а многу често е невозможно да се повлече јасна граница помеѓу активностите на заштитата на животната средина и активностите во некоја друга област. Поделбата главно се сведува на формална диференцијација преку дефинирање на надлежностите на различни нивоа на управа, па така и во рамките на самата локална самоуправа, каде на проблемите на животната средина работат повеќе сектори и јавни претпријатија.

Врз основа на горенаведеното се предлага на Советот на Град Скопје да ја усвои оваа Програма.